Република Северна Македонија

## Агенција за катастар за недвижности

[redacted]

Бр. 0401-1570/1
Дата: 28 JAN 2021 Скопје

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта:

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/19 и 14/20), член 6 став 2 и 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ„ бр.143/19 и 14/20), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административен службеник**

1. Кандидатот, **ТАТЈАНА САЗДОВА** по пат на **Интерен оглас број 1/2020** се избира за работно место **УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за геодетско-катастарски работи-Одделение за катастар на недвижности-Свети Николе-Сектор за катастар на недвижности за вардарски регион -1 (еден извршител).**

2.За именуваниот, ќе се донесе соодветно решение за унапредување по конечноста на оваа одлука.

3.Оваа Одлука се објавува на веб станицата на Агенцијата за катастар на недвижности.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства за 2020 година од Министерството за финансии бр.18-9063/2 од 25.12.2020 година за унапредување и Известување за обезбедени финансиски средства за 2021 година бр.18-206/2 од 20.01.2021 година, Агенцијата за катастар на недвижности на ден 30.12.2020 година објави на веб-страницата на Агенцијата и веб-страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр.0401-275/2 од 13.01.2021 година.

Република Северна Македонија

[redacted]

## Агенција за катастар за недвижности

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за катастар на недвижности спроведе административна селекција за што состави Записник бр.0401-275/5 од 21.01.2021 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју, за што е составен Записник од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр.0401-275/6 од 26.01.2021 година.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата ги достави на понатамошно постапување до директорот на Агенција за катастар на недвижности.

Имајќи го предвид наведеното, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ДОСТАВЕНО ДО:
-именуваниот
-кандидатите
-Сектор за управување со човечки ресурси
-архива

**Сектор за управување со човечки ресурси**
Изработил: Жаклина Мијова, виш референт
Контролирал/Одобрил: Донка Гаџовска, в.д. раководител на сектор

ДИРЕКТОР

м-р Борис Тунџев